Врз основа на член 20 од Статутот на Здружение за училишен спортски клуб на основното општинско училиште Крсте Мисирков – Куманово, Собранието на редовната седница одржана на ден 22.12.2014 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А З А 2015 година**
**За работа на Здружение за училишен спортски клуб**
**на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово**

## ОПШТИ НАЧЕЛА

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на Република Македонија како и статутот и целите на своето дејствување, здружението за училишен спортски клуб на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово (во понатамошниот текст на Програмата: УСК Крсте Мисирков Куманово), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во ООУ „Крсте Мисирков“ – Куманово, според афинитетите на учениците и условите за реализација на истите.

За остварување на целите и задачите кои произлегуваат од Програмата за работа на УСК, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар во училиштето, раководните структури и родителите на учениците како и други релевантни фактори во општината.

### Планирање и развој

Глобалниот план за развој на УСК Крсте Мисирков Куманово и спортски активности во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја :

**ОБЈЕКТИ:**
КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

- Користење на училишни спортски сали и отворени терени за спорт и рекреација на учениците (кои се сопственост или на располагање за училиштето).
- Користење на други терени и објекти за спорт и рекреација во општината.

**АКТИВНОСТИ :**
*СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ*

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК Крсте Мисирков Куманово ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се во: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, атлетика, пливање, стрелаштво, планинарство, тенис, пинг-понг, шах и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски склоности и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Македонија.

За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

## НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

## *МЕДИЦИНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ*

Со оглед на се поголемата присутност на физички и телесни деформитети кај младата популација односно учениците, УСК ќе формира секција за Кинезитерапија, преку чија работа на соодветни стручни лица со соодветни вежби ќе се помага на младите лица и децата за делумно отклонување и намалување на деформитетите и јакнење на организмот.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

### СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

- Доброволни прилози
- Подароци
- Спонзори и донатори
- Самофинансирање од страна на родителите

### ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ

- Средства од буџетот на општината
- Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

### СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

- Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
- Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

**МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА**

- Промовирање во локалните и националните електронски и печатени медиуми
- Објававување за работењето на клубот, новини и резултати во училишниот весник и веб страната на училиштето
- Подготовка на флаери, постери , брошури и дуг вид на промотивен материјал
- Организирање на отворени денови и друг вид настани од отворен карактер
- Организирање на прес-конферњции и друг вид на настани од промотивен карактер.

22.12.2014, Куманово

УСК Крсте Мисирков Куманово

Претседател,

_______________

Југослав Спасиќ